Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
Бр. 0202-27
04-04-2017 год.
Скопје

# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

---

**ДО**

**ДОО РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ**
**СКОПЈЕ**

**На внимание на:**
Управителот на ДОО, Г-дин Поповски Злате

**ПРЕДМЕТ:** Произнесување по однос на Иницијативата за Предлог за купопродажба на деловна зграда со дворно место на КП 1851/1 и КП 1851/16 КО Кисела Вода 2 по понуда од посредник-агенција за недвижности од 20.03.2017 година

**ПОДНОСИТЕЛ:** АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, содружник во ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности

**Почитуван,**

Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, откако ја прими Вашата горе наведена Иницијатива, веднаш Ви се обрати со цел да доставите Имотни листи за објектот и земјиштето, како и спроведена проценка на објектот заради утврдување на пазарната вредност на објектот-предметот на купопродажба.
Од Ваша страна ни беа доставени бараните документи и тоа:
-Имотен лист бр. 58529 КО Кисела Вода 2 КП 1851/16 на бул "3-та Македонска бригада" бр.48, земјиште со вкупна површина од 8495м2
-Имотен лист бр. 24200 КО Кисела Вода 2 на КП 1851/1 на бул "3-та Македонска бригада" бр.48, за објект: Зграда (1 зграда во индустрија и рударство) кат 1 со површина од 750м2; кат 2 со површина од 732м2; подрум со површина од 144м2; приземје со површина од 716м2; подрум со површина од 232м2 и Зграда 1 (гаража) подрум со површина од 331м2 и Зграда 2 (зграда во индустрија и рударство) приземје со површина од 18м2
-Проценка на наедвижниот имот-објектот со која е утврдена пазарна вредност на објектот **во износ од 3.590.885 Евра.**

Одборот на директори на својата седница одржана на ден 31.03.2017 година по однос на доставената Иницијатива го завзеде следниот став:

**1) Во однос на пазарната вредност на објектот**

-Заради веродостојно утврдување на пазарната вредност на предметниот објект како и земјиштето, **да се изврши уште една проценка** со која ќе се земат во предвид и измените на деталниот урбанистички план, кои се во фаза на изготвување со кои се предвидени поголем габарит и висина на маркицата, односно поповолни услови во однос на постоечкиот ДУП. Исто така со ГУП-от на Град Скопје е предвидена А и Б

Бул. III Македонска Бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

намена (деловен и станбен простор). На овој начин ќе се добие реална слика за пазарната вредност на предметниот објект.
Од овие причини проценката која сте ја направиле, е по однос на стариот ДУП каде што намената на земјиштето е Г2 (лесна незагадувачка ундустрија).
За таа цел да се ангажира овластен проценител, кој ќе може да изврши проценка согласно предвидените измени во ДУП-от, откако ДУП-от ќе биде усвоен.

**<u>2.Во однос на купопродажбата</u>**

-Во однос на конкретната понуда за купопродажба, бараме да ни се даде информација за :

-Агенцијата за недвижности која ја дава понудата за купопродажба и во какво својство истата се јавува ( само посредник или во име и за сметка на некого);

-Податоци за индентификација на потенцијалниот Купувач на предметниот објект;

-Следствено на наведеното, со кого ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности би го склучил Договорот за купопродажба .

Бараме да постапите во однос на горенаведените барања и повратно да не известите.

**Со почит**
**Одбор на директори на АД**
Извршен директор
м-р Лазаревски Татјана

04.04.2017